**20111623552**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 30-к став (10) од Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија", бр. бр.80/93, 3/94,70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 6/07, 160/07, 159/08, 20/09,139/09, 171/10 и 135/11), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРЕНИЕ НА ДАНОЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ПО ОСНОВ НА ВОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМ НА ОПРЕМА ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за одобрение на даночно ослободување по основ на воведување на систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања.

Член 2

Барањето за одобрение на даночно ослободување по основ на воведување на систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања, се поднесува на образец - “Барање за даночно ослободување за воведен фискален систем на опрема - ПДД-02", во формат А-4 кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија."

Бр. 20 -35167/5
11 ноември 2011 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
## за даночно ослободување за воведен фискален систем на опрема

**ПДД-02**

*Пополнува Управата за јавни приходи

| Датум и број на прием | |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |

### ПОДАТОЦИ ЗА ВОВЕДЕН ФИСКАЛЕН СИСТЕМ НА ОПРЕМА

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Вид на опрема | Опис на опрема | |
| | Број на фактура | Датум на фактура | Набавна вредност |
| 2. | Вид на опрема | Опис на опрема | |
| | Број на фактура | Датум на фактура | Набавна вредност |
| 3. | Вид на опрема | Опис на опрема | |
| | Број на фактура | Датум на фактура | Набавна вредност |
| 4. | Вид на опрема | Опис на опрема | |
| | Број на фактура | Датум на фактура | Набавна вредност |
| 5. | Вид на опрема | Опис на опрема | |
| | Број на фактура | Датум на фактура | Набавна вредност |
| 6. | Вид на опрема | Опис на опрема | |
| | Број на фактура | Датум на фактура | Набавна вредност |
| 7. | Вид на опрема | Опис на опрема | |
| | Број на фактура | Датум на фактура | Набавна вредност |
| 8. | Вид на опрема | Опис на опрема | |
| | Број на фактура | Датум на фактура | Набавна вредност |
| 9. | Вид на опрема | Опис на опрема | |
| | Број на фактура | Датум на фактура | Набавна вредност |
| 10. | Вид на опрема | Опис на опрема | |
| | Број на фактура | Датум на фактура | Набавна вредност |
| | | Вкупен износ на даночно ослободување: | |

### ПРИЛОЗИ

☐ Решение/ја за регистрација на фискален систем на опрема (УФА-02/ГГ) од УЈП

☐ Фактура/и за извршена набавка на фискалниот систем на опрема

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | Потпис и печат | М.П. |
| Својство | | Датум на поднесување | . . |

1/2

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

ПДД-02

Барањето се доставува во пресметковниот период во кој одобрениот систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања е набавен и воведен во употреба.
Правото на даночно намалување се остварува во пресметковните периоди (месеци), во утврдениот месечен износ, до крајот на календарската година.
Доколку ова право не биде искористено во целост истото се пренесува во наредниот период.

Барањето (образец "ПДД-02") се доставува до даночната канцеларија на УЈП или во електронска форма преку http://etax.ujp.gov.mk

При пополнување на барањето, податоците внесете ги читливо и целосно, со печатни букви. Податоците внесете ги во точно означените полиња. Не впишувајте ништо во полињата кои ги пополнува Управата за јавни приходи.
Износите се искажуваат во денари, без дени.

Во образецот задолжително се внесуваат податоците за: Единствен даночен број, скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт.

## Податоци за воведен фискален систем на опрема

Во табелата внесете ги податоците за видот на апаратот, опис на апаратот, бројот на решението за регистрација на фискалниот систем на опрема издадено од Управата за јавни приходи (доколку обврзникот има ставено повеќе фискални системи во употреба да се наведат броевите на решенијата за секој поединечен систем), датумот на решението и износот на набавениот фискален систем на опрема (набавната вредност намалена за ДДВ, за обврзник регистриран за целите на ДДВ, или набавна вредност со вклучен ДДВ за обврзник кој не е регистриран за целите на ДДВ).

## Прилози

При поднесувањето на ова барање задолжително се поднесуваат:

- Копија од решение за регистрација на фискален систем на опрема ("ФА-02/1") добиено од Управата за јавни приходи, и тоа за секој набавен систем на опрема; и
- Копија од фактура за извршена набавка на систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања.

## Податоци за подносителот на барањето

Задолжително наведете го името, презимето и својството на потписникот, како и датумот на поднесување на барањето.
Не заборавајте своерачно да го потпишете ова барање и да ставите печат.

2/2